Напишано од Оливер Арсовски
Недела, 25 Март 2018 12:51 - Последно освежено Недела, 25 Март 2018 12:54



Петгодишниот Ефтим заедно со неговиот помал брат, 3-годишниот Христијан, веќе една година растат без да сметаат на помошта од нивната мајка Ирена Танчева, поради нејзината неподвижност настаната како последица од катастрофалната сообраќајна несреќа што се случила утрото на 27 април минатата година, кога ги носела во градинка.

Семејството Танчеви живее во нивниот дом во струмичкото село Самоилово. Трагедијата се случила на регионалниот пат помеѓу струмичкото село Самоилово и општината Ново Село, каде што Христијан и Ефтим секојдневно одат во градинка. Додека Ирена го управувала своето возило, во кое биле и двете малолетни деца, несовесен возач ѝ го пресекол патот, по што настанала сообраќајката во која, за среќа, Христијан и Ефтим поминале само со гребаници.

Подебелиот крај од несреќата го извлекла Ирена, која веднаш била пренесена во болница, но поради голема повреда на белодробните крила, не можеле веднаш да ѝ го оперираат вратниот дел, што предизвикало таа да остане неподвижна. Подоцна на Ирена ѝ е извршен оперативен зафат на петтиот и шестиот вратен прешлен, но нејзините нозе останале парализирани.

Ирена била префрлена на КАРИЛ каде што одлежала 40 дена од кои првите 25 по несреќата била во кома и не се сеќава на ништо.

„Ги замолувам сите хумани луѓе да донираат за пак да застанам на нозе, за моите деца повторно да се радуваат, сакам да бидат среќни како и другите“, вели Танчева.



Постои можност Ирена повторно да застане на своите нозе и да се врати во нормален живот, но за тоа се потребни 90 илјади евра за операција и понатамошен третман, кој би се одвивал во 3 фази, од кои секоја чини по 30 илјади евра. Доколку се собере оваа сума, оперативниот зафат и рехабилитацијата ќе се спроведат во руската болница „Неуровита“. Лекарите од Москва велат дека доколку сè се одвива по планот, големи се шансите Ирена повторно да проодил. Но, доколку не се собере потребната сума, Танчеви ќе мора да платат 10 отсто од целокупната парична вредност на планираниот рехабилитациски процес.

Сопругот на Ирена, Марјан Танчев, е невработен. Тој во име на целото семејство им благодари на хуманите граѓани кои до сега имаат донирано за операција на неговата сопруга, но испраќа молба и до Фондот на Република Македонија да им помогне во реализирање на целта.

**Броеви за донации**
Телеком **143 115**
ВИП-ОНЕ **143 500**

Денарска жиро сметка -**320500027414994**

Девизна сметка IBAN MK07 -320540027415089
SWIFT CODE: CECBMK22
CENTRALNA COOPERATIVNA BANKA AD SKOPJE